Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Број:12-244/8**

**Дата:29.03.2018**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (637), за 2016 година.

За финансиските извештаи за 2016 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Центар изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија за 2012 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (637), во кој е изразено мислење со резерва.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2012 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Центар, е извршена во март 2015 година при што е констатирано дека за истите во најголем број се преземени активности.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Центар, сметка на основен буџет (637), за 2016 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- ангажираните работници во Општина Центар, преку Агенција за времени вработувања, не се за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности, туку за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а дел од нив се поставени на раководни работни места кои континуирано ги извршуваат повеќе години;
- не е извршен целосен попис на средствата и обврските, а за вонбилансната евиденција која произлегува од капитални вложувања, не е извршен попис со години station наназад;

- од страна на надлежните од општината, не се преземени активности за побарување по основ на аванс за капитални средства, кои потекнуваат од 2012 година, по поднесена тужба од страна на општината и донесена пресуда од Основен суд Скопје 2 Скопје со која тужбата е одбиена како неоснована, со право на поднесување жалба до Апелациониот суд Скопје;
- на сметката Материјални средства во подготовка, подолг период, се евидентирани состојби на повеќе градежни објекти кои се ставени во функција, а сепак не се евидентирани на соодветните сметки;
- врз основа на Судски одлуки и одлуката за запирање на изградбата на катна гаража со деловен простор донесена од Советот на општината, надлежните од сметководството извршиле бришење од евиденција на извршените вложување, без одлука на Советот на општината како надлежен орган за располагање со сопственоста;
- за реконструкција на фасадите на одделни колективни станбени објекти, кои се приватна соспственост на станарите, потрошен е значителен износ на парични средства без да се утврди значењето за општината на овие колективни станбени објекти.

Во делот - Останати прашања, ги обелоденивме состојбите кои се однесуваат на следното:

- поради не склучени анекс договори, ненавремено доставена комплетна документација до општината (ситуации за извршени градежни работи на повеќе објекти во општината) обврските спрема добавувачите кои се однесуваат за период 2016 година и пред тоа, се евидентирани во 2017 година, а врз основа на Спогодба во постапка на медијација склучена на 13.04.2017 година;
- системски слабости, во постојните законски прописи, односно начинот на финансирање на активностите од областа на спортот од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите кои ги имаат општините во градот Скопје и
- законската регулатива која ги регулира надлежностите на општините во делот на финансирање на фасади на колективни станбени објекти.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Од страна на одговорното лице на Општина Центар, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, по кои е одлучено дека забелешките на констатираните состојби во точка 4.1.1, 4.1.3, 4.1.5, 4.2.2, 4.2.5, 4.2.7, и 4.2.8., не се прифатени, од причина што дел претставуваат известување за причините зошто е така постапено, а за дел не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 20 до 22 и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (637), за 2016 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2016 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2012 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Андреј Жерновски, градоначалник на Општина Центар, од 04.04.2013 година до 24.10. 2017 година;
- Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар, од 25.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.09. до 21.12.2016 година, кај Општина Центар, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова - помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски - раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Петре Гаврилов - самостоен ревизор и овластен државен ревизор,
- Ирена Крстаноска - помлад ревизор и овластен државен ревизор,
- Халит Рамадани - помлад ревизор и
- м-р Иван Дионисијев - помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2012 година на Општина Центар е извршена во 2015 година, при што е констатирано дека е постигнат значителен напредок во имплементација на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 12.01.2018 година.

На ден 12.03.2018 година, од страна на одговорното лице, примени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, број 12-244/6 од 12.03.2018 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека забелешките на точка 4.1.1, 4.1.3, 4.1.5, 4.2.2, 4.2.5, 4.2.7. и 4.2.8., не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените

состојби во извештајот, а дел од истите преставуваат известување за причините зошто е така постапено.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Од позицијата Привремени вработувања во текот на 2016 година исплатени се средства во вкупен износ од 16.686 илјади денари за приверемено отстапени лица на општината од Агенција за привремени вработувања, кои се ангажирани на работи и работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работите и задачите. Со увид во приложената документација за привремените вработувања во Општина Центар ревизијата констатира дека во период 2015 и 2016 година ангажирани се лица чиј број се движи месечно од 35 до 44 лица преку Агенција за привремени вработувања.
Отстапените работници на општината од страна на Агенцијата не се ангажирани за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности, туку за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а дел од нив се поставени на раководни работни места, што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања.
Дел од ангажираните лица се континуирано ангажирани во општинската администрација за вршење на исти работи во период подолго од една година, што исто така не е во согласност со член 4 од Законот.
Во текот на 2016 година не се преземени мерки и активности за пополнување на испразнетите работни места согласно актите за организација и систематизација на работите и задачите во општината и законски пропишаната рамка.
Привремените вработувања во општинската администрација кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапката на нивното ангажирање и тренд на пораст на број на вработени лица во општината по разни основи.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Центар да преземе мерки и активности и тоа:
- Ангажирањето на работници преку Агенција за привремено вработување, да го врши само во случаите за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти,

неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности.

- Полнувањето на неопходните работни места односно постапката за редовни вработувања во општината, да ги врши во согласност со актот за организација и систематизација почитувајќи ги одредбите и постапката за вработување пропишани со Законот за административни службеници и Законот за работни односи .

4.1.2. Во текот на 2016 година по основ на склучени договори на дело исплатени се средства во износ од 15.765 илјади денари за ангажирање на лица со поединечни годишни договори (бројот на лица ангажирани во текот на годината по месеци е различен) за вршење на јавни работи за метење на улици и тротоари, патеки во паркови, чистење снег и помош при чистење диви депонии во Општина Центар. Советот на Општина Центар има донесено Програма за комунални дејности на Општина Центар за 2016 година подпрограма Јавна чистота, во рамките на која за одржување на јавната чистота на високо ниво се предвидени средства во износ од 16.000 илјади денари. Советот на Општина Центар нема донесено Програма за јавни работи со која ќе се утврди обемот и видот на јавните работи, постапка и критериуми за ангажирање на лицата, надзор над извршување на работите, висината на месечниот надомест за ангажираните лица, период за кој би се ангажирале лицата итн. Општина Центар за извршување на јавни работи ангажирањето на лица преку договор на дело не го спровела во согласност со членовите 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност кој предвидува јавните работи да се распишуваат јавно и под еднакви услови да бидат достапни за сите невработени кои се пријавени во Агенцијата за вработување.
Ваквото постапување придонело за ангажирање на лица по основ на договор за дело што не е во согласност со законската регулатива.
Ревизијата не дава препорака, бидејќи во текот на ревизијата Советот на Општина Центар донесе Програма за јавни работи на територијата на Општина Центар за 2018 година, со која се утврдени обемот и видот на јавните работи, постапката и критериуми за ангажирање на лицата, висината на месечниот надомест за ангажираните лица, период за кој би се ангажирале, надзор над извршување на работите.

4.1.3. Советот на Општина Центар има донесено Програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2016 година и во тековната година од позицијата Трансфери до здруженија на граѓани и фондации евидентирани се трошоци во вкупен износ од 1.800 илјади денари, врз основа на донесена Одлука од страна на Советот за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар за 2016 година. Со увид во приложената документација ревизијата го утврди следното:

- општината на својата веб страница не ги објавила субјектите кои добиле средства од Буџетот на општината за 2016 година, како и целите за кои ги добиле тие средства;
- дел од субјектите кои добиле средства од Буџетот на општината немаат доставено деловен и финансиски извештај за користените средства;
- Секторот за јавни дејности нема извршено надзор на реализацијата на Програмата и доставено Извештај за реализација на истата до Советот на општината.

Ваквата состојба не е во согласност со член 49 од Закон за здруженија и фондации, и создава можност за незаконско и ненаменско користење на средствата од Буџетот на општината.

**Препорака**:

- Секторот за јавни дејности да врши надзор на реализацијата на Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации и до Советот на општината да доставува Извештај за реализација на истата.
- финансирањето на надлежностите во областа на програмски активности на здруженија и фондации и поддршка на невладини организации да се врши согласно законски пропишаната рамка (да се објавуваат на веб страната субјектите кои добиле средства и од истите да се бараат извештаи дали добиените средства се потрошени за остварување на програмските цели).

4.1.4. Советот на Општина Центар има донесено Програма за култура за 2016 година, во која не е предвиден проект од областа на сценската уметност по кој се преземаат активности по склучен договор од мината година. Во текот на 2015 година врз основа Одлука за објавување конкурс склучен е договор за финансирање на проект од областа на сценската уметност во вкупна вредност од 4.000 илјади денари, во кој е предвидено дека средствата ќе се исплаќаат од Буџетот на Општина Центар за 2015 година, а согласно Програмата за култура на општината за 2015 година. Во текот на 2016 година склучен е Анекс на договорот со кој се дополнува членот со нов став во кој е предвидено неисплатениот дел од средствата за финансирање на избраниот проект во износ од 1.650 илјади денари да се исплатат во текот на 2016 година од средствата на Буџетот за 2016 година. Исплатата на средствата врз основа на склучен Анекс на договор по истекот на календарската година/буџетската година за која бил склучен основниот договор, не е во согласност со член 5 и 7 од Законот за Буџетите. Исто така во членот 5 од договорот е предвидено дека давателот на финансиска поддршка врши контрола на наменското и законското користење на доделените средства, но од страна на општината ваква контрола не е извршена. Со увид во приложената документација од страна на корисникот на средствата, ревизијата утврди дека овој проект има за цел основање на простор за сценски уметности кој ќе биде наменет за професионалците како и за граѓаните во неколку фази и тоа: идентификување и

договарање за користење на просторот, опремување на просторот, формирање на програмско тело составено од основачите и претставниците од сценските уметности, имплементирање на утврдената програма. Корисникот на средствата за основање на просторот за сценски уметности има склучено договор за закуп на објект кој е во сопственост на физички лица и во истиот има изведено инвестициони работи во вкупен износ од 920 илјади денари.
Советот на Општина Центар има усвоено Извештај за реализација на планираните активности во Програмата за култура за 2016 година, но истиот е нецелосен и не ги опфаќа трансферите на средствата за реализација на пооделни проекти како и трансферираните средства по проекти од областа на сценската уметност по склучени договори од претходна година.

**Препорака:**

- Секторот за култура во годишната програма за работа да ги планира сите проекти кои ќе бидат предмет на работа во тековната година, како и преземените активности по склучени договори од претходна година и
- Извештајот за реализација на Програмата да биде целосен и да ги опфаќа трансферите на сите средствата до културните установи и одржани културни манифестации.

4.1.5. Советот на Општина Центар има донесено Програма за спорт и рекреација за 2016 година, согласно која е предвидено и финансирање на активностите на кошаркарскиот клуб "Работнички" АД Скопје каде единствен акционер е Општина Центар. Со овој спортски клуб склучен е договор и анекс на договорот во вкупен износ од 22.000 илјади денари за финансирање на активностите утврдени со Програмата. Со увид во приложената документација ревизијата го утврди следново:
- Согласно Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар опфатено е доделување на финансиска подршка на кошаркарски клуб "Работнички" АД Скопје, а согласно програма и активности на клубот. За 2016 година на ревизијата не и беше презентирана програма за работа со предвидени активности за натпреварувачка сезона, како и финансови планови и детален финансиски извештај за реализација на активностите со спецификација на трошоци, што не е во согласност со членот 4 од договорот и глава VI од Програмата за спорт и рекреација.
- Согласно член 5 од Договорот за финансирање на активностите утврдени со Програмата за спорт и рекреација, општината е должна да врши контрола на наменското и законското користење на доделените средства согласно овој договор, но таква контола за 2015 и 2016 година од страна на општината не е направена.
- Надлежните служби во општината за следењето на активностите и реализацијата на Програмата за спорт и рекреација и роковите утврдени во истата, немаат доставено Извештај до Советот на општината.

- Согласно членот 383 став 2 од Законот за трговски друштва предвидено е дека за непречено одвивање на работата на Собранието на акционери, седниците на Собранието се водат од страна на нотар или записничар и двајца акционери - заверувачи на записникот. Од приложената документација на кошаркарскиот клуб, ревизијата констатира дека на седницата на која се одобрени годишната сметка, финансиските извештаи за работата на друштвото за деловната 2016 година, како и одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членови на бордот на директори како и на извршниот директор, нема заверка од страна на записничар/нотар, и истите се усвоени од страна на едно лице назначено од страна на Советот на општина за овластен претставник.

За 2015 година од страна на Советот на општината донесен е Заклучок со кој е усвоен финансискиот извештај за работењето на кошаркарскиот клуб, додека за 2016 година таков Заклучок не е донесен односно на ревизијата не и беше презентиран доказ дека е усвоен финансикиот извештај за работењето на кошаркарскиот клуб.

Вака воспоставениот начин на финансирање на активностите на кошаркарскиот клуб ја намалува транспарентноста во планирањето и трошењето на буџетските средства, што не е во согласност со буџетското начело за транспарентност.

**Препорака:**

Надлежните органи да ја преиспитаат економската оправданост и интересот од основање на кошаркарски клуб, а финансирањето на спортските клубови да го вршат врз основа на програми на општински спортски сојузи и Сојуз на спортови на Градот Скопје.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Во врска со пописот на средствата и обврските на Општина Центар, ревизијата утврди дека:

- пописот на обврските во Општина Центар не е извршен во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно комисијата за попис не го утврдила правниот основ за постоење на обврските, не потврдила дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, и не ги утврдила причините за неплатените обврски спрема добавувачите;
- не е извршен попис на побарувањата за дадени аванси поради што неможе да се утврди по кој основ и од кои субјекти се побарувањата;
- не е извршен попис на паричните средства и на долгорочните вложени и здружени средства и

- не е извршен попис на состојбата на материјалните средства (локалните улици и патишта) евидентирани на вонбилансната евиденција.

Нецелосното извршување на пописот не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што создава ризик за нереално искажување на состојбите во сметководствената евиденција и Билансот на состојба, бидејќи дел од истите не се потврдени со попис.

**Препорака:**
Одговорните лица да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските на начин регулиран со позитивните законски и подзаконски прописи.

4.2.2. На сметката Аванси за капитални средства евидентирано е побарување во износ од 8.774 илјади денари кое потекнува од 2012 година. За ова побарување поднесена е тужба од Општина Центар до Основен суд Скопје 2 Скопје од 29.07. 2013 година и истата со Пресуда од 23.03.2017 година на Основен суд Скопје 2 Скопје е одбиена како неоснована, со право на поднесување жалба во рок од 8 дена преку овој суд до Апелациониот суд Скопје. Од страна на надлежните од општината понатаму не се преземени активности, односно не е поднесена жалба, а од страна на градоначалникот на Општина Центар донесена е Службена белешка од 02.05.2017 година, според која надлежните сметаат дека не постојат елементи со кои би се оспорила донесената пресуда. Истото е поради тоа што од страна на општината во периодот јануари 2013 година не е поднесена пријава за побарување до Спогодбениот совет на Р.Хрватска, бидејќи со Решение на истиот од 28.01.2013 година над тужениот правен субјект била отворена предстечајна постапка, која била во тек. Според членот 70 став 2 од Законот за финансиско работење и предстечајна спогодба на Р.Хрватска, било пропишано дека за време на траење на постапката на предстечајна спогодба не е дозволено покренување на парнични, општи и постапки на осигурување, заради подмирување или осигурување на побарувања кои настанале до отворањето на постапката за предстечајна спогодба. Надлежните од општината такво нешто не го имале предвид поради што и не било пријавено ова побарување во постапката за предстечајна спогодба. Ефект од таквото постапување е неможност за наплата на побарувањето, односно загуба на парични средства на општината.

**Препорака:**
Надлежните органи на Општина Центар да преземат мерки и активности за утврдување на причините и лоцирање на одговорноста за настаната штета во функција на заштита на средствата на општината.

4.2.3. На сметката Материјални средства во подготовка подолг период, се евидентирани состојби на повеќе градежни објекти во вкупен износ од 1.162.269 илјади денари, кои се ставени во функција, а сепак не се евидентирани на

соодветните сметки, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Се работи за градежните објекти и тоа: Спомен обележје на паднати херои на Македонија, Две фонтани на р.Вардар Камен Мост, Пешачки мост Око на р. Вардар, Мост на уметноста на р.Вардар, Комплекс Карпошово Востание, Плоштад Пресвета Богородица, Монтажна Гаража Капиштец, Споменик Семејство Вљубен Пар и Македонска колонада на љубовта и достоинството, сите со салдо пренесено од 2014 година. Оваа состојба е поради непреземање соодветни мерки на надлежните служби од општината за утврдување на реалната состојба на терен и обезбедување на соодветна документација од изведувачите на градбите и надзорните органи кои вршеле надзор над градбата на овие објекти и доставување на документацијата до сметководството за нивно постапување.
Ефект од таквото постапување е несоодветно евидентирање на состојбите во сметководствената евиденција, не пресметување на амортизација и нереално искажување на состојбите во финансискиот извештај Биланс на состојба.
Во текот на ревизијата со налог за книжење број 162 од 30.11.2017 година, од сметката Материјални средства во подготовка на сметките на Вонбилансната евиденција е извршено прекнижување на градежните објекти и тоа: Спомен обележје на паднати херои на Македонија, Плоштад Пресвета Богородица и Македонска колонада на љубовта и достоинството и прекнижување на Монтажна Гаража Капиштец од сметката Материјални средства во подготовка на сметката Градежни објекти, но не врз основа на документи како завршен извештај од извршен технички преглед од надзорен инжинер и извештај за технички прием и сл., туку на основа записник од судско порамнување и известување од изведувач на работите дека работите се завршени во период 2011-2012 за што се испоставени градежни ситуации заклучно со завршната ситуација, кои од општината се платени.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки во функција на преземање на активности од надлежните лица од секторот за урбанизам, комуналии и уредување на градежно земјиште и за останатите објекти евидентирани како Материјални средства во подготовка, и да се утврди реалната состојба на терен, во соработка со надзорните органи кои вршеле надзор над градбата на овие објекти да изготват соодветна документација и истата ја доставаат до сметководството за нивно постапување.

4.2.4. За изработка на основен проект, ревизија на истиот и извршени работи по прва времена ситуација на градежен објект Основно општинско училиште во населба Капиштец заклучно со месец декември 2016 година фактуриран/ситуиран е износ од вкупно 15.845 илјади денари (11.574 илјади ден по 1-ва времена ситуација, 4.173 илјади денари за Основен проектот и 97 илјади денари за ревизија на проектот). Овој износ не е евидентиран на сметката Материјални средства во подготовка што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и

буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа, за овој износ помалку е искажана состојбата на инвестициите во тек и пасивните временски разграничувања, во финансискиот извештај Биланс на состојба за 2016 година. За надминување на оваа состојба преземени се мерки во 2017 година, поради што ревизизијата не дава препорака.

4.2.5. На сметката Материјални средства во подготовка со состојба на 31.12.2016 година искажана е состојба од 4.230 илјади денари како инвестиции во тек за Катна гаража на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бб, таканаречена Катна гаража "Нова Македонија". Износот се состои од направени трошоци за Идеен проект 828 илјади денари, Основен проект од 1.381 илјади денари евидентирани во 2011 година, 47 илјади денари за ревизија на основниот проект евидентирани во 2012 година и износ од 2.064 илјади денари по 1-ва времена ситуација од 2013 година. Понатамошната изградба била прекината поради појава на подземни води при ископ на земјиштето. Изведувачот по барање на надзорниот орган изготвил техничко решение за работа во услови на подземни води, со основен ревидиран проект и предмер пресметка за изведување и заштита и одводнување на градежната јама и го доставил на произнесување на надлежните на Општина Центар. Бидејќи од истите, во неколку наврати, не добил повратен одговор, има поведено постапка пред Основниот суд Скопје 2 Скопје за раскинување на договорот за изградба на катната гаража. Со пресуда на Основниот суд Скопје 2 Скопје 5 ТС-511/14 од 01.10.2015 година тужбата е прифатена и договорот се смета за раскинат. Истото е потврдено и од Апелациониот суд Скопје ТСЖ-3011/15 од 06.05.2016 година.
Имајќи ги предвид судските одлуки и Одлуката за запирање на изградбата на катна гаража со деловен простор бр. 08-265/6 од 23.01.2015 година на Советот на општината, надлежните од сметководството извршиле бришење од евиденција на извршените вложување во износ од 4.230 илјади денари. Тоа не е во согласност со членот 36 став 10 од Законот за локалната самоуправа, според кој надлежност на Советот е да одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината. Ефект од таквото постапување е неосновано бришење од евиденција на вложувањата во катната гаража и нереално искажана состојба во сметководството и Билансот на состојба за 2016 година.

**Препорака:**
Надлежните органи на Општина Центар да преземат мерки и активности преиспитувајќи ја настаната состојба, а имајќи ги во предвид реално направените трошоци од средствата на општината незанемарувајќи го фактот дека советот одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината.

4.2.6. Во сметководствената евиденција за 2016 година спроведени се книжења по Одлука за отпис на основни средства по пописот за 2015 година со набавна

вредност од 1.581 илјада денари, исправка на вредноста од 1.568 илјади денари и сегашна вредност од 13 илјади денари. Евидентирањето на отпис на основните средства кои произлегува од пописот за 2015 година и се однесува за таа година, а е евидентиран во наредна година, не е во согласност со одредбите од членот 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој Извештајот за извршениот попис заедно со актот на одговорното лице на буџетите и буџетските корисници за активностите преземени согласно член 34 од овој правилник се доставуваат до организациониот облик задолжен за водењето на сметководството и деловните книги заради евидентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, најдоцна дваесет дена пред крајниот рок пропишан за доставување на завршната сметка. Поради непостапување согласно претходно наведеното нереално е искажана состојбата на материјалните средства односно во поголем износ во сметководството и Билансот на состојба за 2015 година.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината како одговорно лице да преземе активности надлежните органи и служби навремено да ги изготвуваат актите во врска со годишниот попис и истите навремено да ги доставуваат до организациониот облик задолжен за водењето на сметководството, заради нивно евидентирање за годината за која се однесуваат.

4.2.7. Во случаите каде општината се јавува како инвеститор на изградба или реконструкција на објекти на градинки, училишта и слично, не се врши евидентирање на вложувањата во опрема, туку само на градежните објекти, на сметката Материјални средства во подготовка. Тоа не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за содржината на одделните сметки од сметковниот план за буџетските корисници каде во членот 5 е наведено дека на сметката Материјални средства во подготовка, се евидентираат: инвестиции во тек – градежни објекти, други материјални средства, опрема и друго. Ефект од таквото постапување е ризик од нецелосно евидентирање на соодветните вложувања во опрема, пред истата да биде дадена на стопанисување, користење на буџетските корисници (градинки, училишта и слично).

**Препорака:**

Надлежното одделение за сметководство вложувањата во опрема, пред истата да биде готова за предавање на користење на буџетските корисници (градинки, училишта и слично), да ја евидентира на сметката Материјални средства во подготовка.

4.2.8. На сметките на вонбилансната евиденција во Општина Центар се евидентирани состојбите на капиталните вложувања за изградба и реконструкција на улици и дел од градежните објекти за кои општината нема имотни листи

(Споменик Летниковец, Спомен обележје на паднати херои на Македонија, Плоштад Пресвета Богородица и Македонска колонада на љубовта и достоинството). Со ревизијата се утврди дека состојбата на вложувања за изградба и реконструкција на улици е евидентирана само за делот на платените обврски кои произлегуваат од пооделни градежни ситуации и фактури, а не вкупната вредност содржана во истите. Тоа не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките во сметковниот план за буџетските корисници и придонесува за нереално искажана состојба на материјалните средства кои се евидентирани на вонбилансната евиденција, во сметководството и Билансот на состојба за 2016 година.
За локалните улици и патишта кои се надлежност на општината не е извршено разграниченување на горниот слој (асфалт и слично), односно не е евидентирана посебно набавната вредност на истиот, поради што не се пресметува амортизација што не е во согласност со членот 22 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

- надлежните од сметководството да ја евидентираат состојбата на извршените работи во цел износ согласно испоставените документи градежни ситуации и фактури, и
- да извршат разграничување на горниот слој на улиците (асфалт и слично), односно утврдување на набавната вредност на истиот, на која вредност треба да пресметуваат амортизација.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.9. Во 2016 година за реконструкција на стамбени објекти, односно изработка на термички фасади со енергетска ефикасност на територија на Општина Центар, на основа исплатени средства евидентирани се расходи во вкупен износ од 24.233 илјади денари. Дел од овие исплати се однесуваат на завршени работи, дел се исплати по времени ситуации за објекти кај кои се уште не се завршени работите (објект за колективно домување на ул. Климент Охридски бр. 13), а според Извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности на Општина Центар за 2016 година фактурирани се извршени работи за уште еден објект (фасада на објект за колективно домување на ул. Климент Охридски бр. 13 А) во износ од 24.352 илјади денари за кои нема извршено плаќање и нема евидентирано расход.

Работите во врска со реконструкција на стамбени објекти, односно изработка на термички фасади со енергетска ефикасност на територија на Општина Центар се планирани со Програма за комунални дејности на Општина Центар за 2016 година

според која за овие работи во подпрограмата Други комунални услуги (капитални расходи) планиран е вкупен износ од 27.600 илјади денари од кои за подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на стамбени објекти 300 илјади денари, реконструкција на стамбени објекти 27.000 илјади денари и надзор над изградбата 300 илјади денари. Во подпрограмата наведени се објектите без поединечни средства за извршување на работите туку вкупниот износ на планирани средства од 27.600 илјади денари. Во подпрограмата за реконструкција на стамбени објекти предвидени се 12 (дванаест) објекти на различни улици/булевари од кој според Извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности на Општина Центар за 2016 година целосно се извршени работи на 3 (три) објекти, а реализација во тек е на 2 (два) објекта.

Во врска со реконструкција на стамбени објекти, односно изработка на термички фасади со енергетска ефикасност на територија на Општина Центар, од страна на надлежните на општината спроведена е следната постапка:

- во мај 2013 година општината има донесено Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Центар за 2013 година со кој е предвидено преземање мерки за енергетска ефикасност на општински училишта, градинки, улично осветлување и реконструкција на фасади на колективни стамбени згради на територија на општината;
- на 28.05.2013 година распишан е Јавен повик за пријавување на заинтересирани заедници на сопственици на станови од подрачјето на Општина Центар за реконструкција на фасади на колективни стамбени згради со утврдени критеруми за право за учество на јавниот повик;
- со решение на градоначалникот формирана е стручна комисија за реконструкција на фасади на колективни стамбени згради;
- во месец јули 2013 година склучен е Меморандум за соработка со здружение за хумано домување за соработка во делот на реконструкција на фасади на колективни стамбени згради, замена на прозорци и надворешни врати прку прграмски заем одобрен од здружението во рамки на проектот "Енергетско ефикасни домови";
- од страна на комисијата за реконструкција на фасади на колективни стамбени згради изготвен е Извештај од месец јули 2013 година со предлог на 12 колективни стамбени згради за реконструкција на фасади на колективни стамбени згради, а во соработка со невладината организација која на согласните сопственици на станови им овозможила заем за промена на прозорите и вратите .

При реализацијата за реконструкција на фасади на колективни стамбени згради, за кои расходи се евидентирани во 2016 година, Советот на општината на седница од 30.03.2015 и 30.10.2015 година има донесено Одлука за утврдување на изглед на фасади на седум стамбени објекти, при што како законски основ е наведен член 36

од Законот за локална самоупрва и член 67-а од Законот за градење и Програмата за комунални дејности на Општина Центар за 2015 година.

Со измените на Законот за градење во месец февруари и септември во 2014 година со членот 67-а се пропишуваат надлежности на советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во делот на донесување на одлуки за пропишување на изгледот на фасадите на еден или повеќе објекти и реконструкција на фасади на колективни стамбени згради, но доколку општините утврдат дека тоа е од значење за општината. Во тие случаи инвеститор е општината. За објектите за кои се донесени одлуки за утврдување на изгледот на фасадите согласно Програмата за комунални дејности, ревизијата не се увери дека овие објекти се од значење за општината ниту пак Општина Центар го утврдила значењето во случаите на реконструкција на фасади на колективни стамбени згради, односно на ревизијата не е даден на увид документ со кој се утврдува значењето за Општина Центар на објектите за кои се донесени одлуки за утврдување на изгледот на фасадите .

Со ваквиот начин на финансирање на изградба на фасади на дел од колективните станбени објекти во Општината се ставаат во нерамноправна положба граѓаните чиј имот не е опфатен со донесените одлуки, граѓаните кои живеат во колективни станбени објекти и граѓаните кои живеат во индивидуални станбени објекти.

**Препорака:**
Органите на Општина Центар, да го преиспитаат финансирањето за реконструкција на стамбени објекти, односно изработка на термички фасади со енергетска ефикасност на дел од колективните стамбени објекти во општината, при што ќе го утврдат значењето за општината за промена на изгледот на фасадата на еден или повеќе објекти.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.1. и 4.2. се ангажираните работници во Општина Центар, преку агенција за времени вработувања, не извршен целосен попис на средствата и обврските, а за вонбилансната евиденција која произлегува од капитални вложувања, не е извршен попис со години наназад, материјални средства во подготовка, кои се ставени во функција, а сепак не се евидентирани на соодветните сметки, бришење од евиденција на извршените вложувања, без одлука на Советот на општината како надлежен орган за располагање со сопственоста.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Центар на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Центар за 2016 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

**Ненавремено евидентирање на обврски спрема добавувачите**

6.1. Состојбата на обврските спрема добавувачите за 2016 година е искажана во помал износ од 97.234 илјади денари поради неевидентирани градежни ситуации за градежни работи на повеќе објекти во општината кои се извршени во минати години и дел во 2016 година и тоа:

- Пешачки мост “Око“на река Вардар износ 3.241 илјада денари по 1-ва времена ситуација од 04.04.2016 година;
- Спомен обележје на паднатите херои за Македонија износ од 1.870 илјади денари по 11-та времена ситуација од 29.04.2013 година и завршна ситуација од 03.06.2013 година на износ од 1.164 илјади денари;
- Фонтани и партерно уредување на плоштад Пресвета Богородица износ од 7.721 илјада денари по 1-ва времена ситуација од 04.04.2016 година и за истиот објект повторно по 1-ва времена ситуација од 04.04.2016 година на износ од 65.994 илјади денари;
- Мост на уметноста на река Вардар износ од 11.491 илјада денари по 1-ва времена ситуација од 04.04.2016 година и
- Македонска колонада на љубовта и достоинството износ од 5.753 илјади денари по 1-ва времена ситуација од 04.04.2016 година.

Ненавремено доставена документација за извршени работи по претходно спомenатите објекти, според надлежните во општина се јавува како резултат на

тоа што за истите не биле своевремено склучени анекс договори од актуелното раководство во тој период, а и покрај тоа работите се извршувале.

Претходно наведените неевидентирани обврски од 97.234 илјади денари плус обврска од 9.893 илјади денари по 5-та времена ситуација од 29.11.2013 година за Пешачки мост "Око"на река Вардар која е евидентирана како обврска во 2014 година и обврска за Катна гаража во комплекс на Судска палата износ од 3.991 илјада денари по 23 и завршна ситуација од 30.04.2013 година која е евидентирана како обврска во 2013 година, сочинуваат износ од 111.118 илјади денари како вкупен долг за плаќање. За овој износ со Спогодба во постапка на медијација склучена на 13.04.2017 година е договорено да се плати и тоа 82.502 илјади денари во рок од 8 дена по правосилноста на судското порамнување (платен на 28.04.2017), а остатокот од 28.616 илјади денари да се плати најкасно до 31.12.2017 година (до денот на ревизијата не е платен).
Со Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар за периодот 01.01. до 30.09.2017 година, кој е усвоен од Советот на општината, помеѓу другото презентиритано е и тоа дека најголем дел од средствата за капитални расходи се по основ на претходно споменатите обврски кои произлегуваат од склучената Спогодба во постапка на медијација.

На дел од обврските кои не биле навремено евидентирани, на општината е пренесена обврска за ДДВ од вкупно 16.956 илјади денари, а согласно членот 32-а од Законот за данокот на додадена вредност. Овој износ е платен на 26.07.2017 година со даночната пријава за второто тримесечие од 2017 година (општината е тримесечен ДДВ обврзник).

**7. Останати прашања**

**Законски одредби за финансирање на активности од областа на спортот**

7.1. Финансирањето на активностите од областа на спорт и рекреација, се предвидени во листата на надлежности на општините, согласно член 22 став 1 т. 6 од ЗЛС, меѓутоа не и во надлежности на општините во градот Скопје, во кои спаѓа и Општина Центар, дефинирани во член 15 од Законот за град Скопје, според кој во работи од јавен интерес не е вклучен спортот, како надлежност на општините во градот Скопје, односно согласно член 10 став 1 од истиот закон, оваа надлежност е дадена на градот Скопје.
Од друга страна, во член 22-а од Законот за спортот, се утврдени надлежностите на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје, во областа на спортот, меѓу кои се: развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка и унапредување на спортот, спортски клубови и професионални спортски клубови и поддржување на општинските сојузи и Сојузот

на спортови на градот Скопје, а за нивно остварување, советите на општините и Советот на градот Скопје или комисијата на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје надлежна за спортот, донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. Исто така, според овој член, програмите се финансираат од буџетот на општините и буџетот на Град Скопје, донации и спонзорства, а за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив, до советите на општините и Советот на град Скопје, сојузите на спортови на општините и Сојузот на спортови на градот Скопје, поднесуваат извештај.
Согласно наведеното, ревизијата е на мислење дека е потребно усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот, за општините во градот Скопје.

**Законски одредби во делот на Законот за градење за финансирање на фасади на станбени објекти**

7.2. Со измените на Законот за градење во месец февруари и септември во 2014 година со членот 67-а се пропишуваат надлежности на советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во делот на донесување на одлуки за пропишување на изгледот на фасадите на еден или повеќе објекти и реконструкција на фасади на колективни стамбени згради, но доколку општините утврдат дека тоа е од значење за општината. Во тие случаи инвеститор е општината. Без да се дефинира во кои случаи пропишувањето на изгледот на фасадата на еден или повеќе објекти е од значење за општината.

Со одредбите од член 67-а од Законот за градење, кој закон се носи со мнозинство, законодавецот ги дерогирал надлежностите на општините пропишани со одредбите од членот 22 од Законот за локалната самоуправа, кој е системски Закон и се носи со двотретинско мнозинство, без да прецизира и утврди што е објект од значење за општината и како истото се докажува. Овие надлежности покрај со Законот за локална самоуправа не се утврдени и не се во согласност со надлежностите на општините во Градот Скопје утврдени во член 15 од Законот за Градот Скопје и членовите од 101 до 104 од Законот за домување.

Ревизијата е на мислење дека со ваквото законско решение постои колизија кај законската регулатива која ги регулира надлежностите на единиците на локалната самоупрва.

**Општина Центар - Сметка на основен Буџет (637)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2016** | **2015** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3,1 | 505.120 | 454.346 |
| **Вкупно приходи** | | **505.120** | **454.346** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 52.890 | 50.159 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 1.494 | 1.870 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 134.483 | 129.641 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 4.998 | 6.233 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 35.456 | 34.226 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 5.784 | 5.230 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **235.105** | **227.359** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.7 | 251.086 | 205.996 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **251.086** | **205.996** |
| | | | |
| **Отплата на главнина** | 3.2.8 | **18.929** | **20.991** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **505.120** | **454.346** |

Општина Центар - Сметка на основен Буџет (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 1 | 1 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 72 | 72 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3 | 199 | 1 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 228.635 | 213.391 |
| Залихи | 4.1.5 | 321 | 402 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.6. | 8.774 | 8.774 |
| **Вкупно тековни средства** | | **238.002** | **222.642** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.435 | 1.548 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 2.995.848 | 2.970.946 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 1.186.793 | 1.291.108 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 1.693 | 1.693 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4.185.769** | **4.265.295** |
| **Вонбилансна евиденција - актива** | 4.3. | **997.103** | **971.875** |
| **Вкупна актива** | | **4.423.771** | **4.487.937** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 113.122 | 89.778 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2. | 10.392 | 10.973 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.3. | 3.852 | 3.993 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 1.195.839 | 1.299.958 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.323.205** | **1.404.702** |
| **Долгорочни обврски** | **4.5.** | **101.269** | **108.646** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.6.1. | 2.999.297 | 2.974.589 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2.999.297** | **2.974.589** |
| **Вкупна пасива** | | **4.423.771** | **4.487.937** |
| **Вонбилансна евиденција - пасива** | 4.7. | **997.103** | **971.875** |

Општина Центар - Сметка на основен Буџет (637)

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2016 година** | **2.972.494** | **2.096** | **2.974.590** |
| **Зголемување по основ на:** | | | |
| Набавки | 38.571 | | **38.571** |
| Останати зголемувања | | 2.123 | **2.123** |
| **Намалување по основ на:** | | | |
| Амортизација | 13.782 | | **13.782** |
| Останати намалувања | | 2.204 | **2.204** |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **2.997.283** | **2.015** | **2.999.298** |

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-1095/3
Датум: 07.03.2018

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
12.03.2018
12-244/6

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Палата „Емануел Чушков"**
**ул. „Јордан Мијалков" П.Фах.249**
**1000 Скопје**

**Предмет: Забелешки на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Центар сметка на основен буџет (637) и (630)**

По Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Центар сметка на основен буџет (637) и (630**)**, Општина Центар-Скопје благовремено ги доставува следните забелешки:

**4.1 Усогласеност со закони и прописи**

**4.1.1.** Што се однесува до привремените вработувања, Општината има вработувано лица исклучиво на работни места кои согласно актот за систематизација биле непополнети, заради неможност од пополнување на истите со објавување јавни огласи, согласно Законот за административни службеници, од причина што предвремените парламентарни избори кои во текот на 2016 година во повеќе наврати беа одлагани, беше забрането објавување на јавни огласи за вработување.

Во иднина Општината ќе постапува согласно дадената препорака, и вработувањата ќе се вршат преку објавување на јавни огласи согласно Законот за административните службеници.

**4.1.3.** Во врска со наодот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, сакаме да појасниме дека распределбата на средствата се врши со одлука донесена од страна на Советот, по спроведена постапка и објавен јавен оглас за доделување на овие средства, предвидени во буџетот на Општината и Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.

Бидејќи Советот ја врши распределбата на средствата и е во тек со постапката за доделување на финансиските средства, сметавме дека не е потребен дополнителен извештај.

ул. Михаил Цоков бб , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

Одлуките за доделување на овие финансиски средства од страна на Советот се објавени во службеното гласило на Општината, кое се објавува на веб страната на Општината.
Во прилог:Олуки за доделени финански средства објавени во Сл.гласник бр.05/16 и 15/16,што укажува на транспарентност на постапката.

Дел од корисниците на овие средства доставуваат извештаи за искористеноста на средствата, но дел од корисниците не доставуваат извештаи и покрај опомените кои ги добиваат од страна на општинската администрација.

**4.1.5.** Што се однесува до финансирањето на КК „Работнички" АД Скопје од страна на Општината, сакаме да Ве запознаеме дека финансирањето на овој клуб Општината континуирано го врши почнувајќи од 2012 година до денес, согласно Законот за локалната самоуправа и Законот за спорт.

За да бидат одобрени финансиските средства на КК „Работнички", пред секое доделување на средствата, клубот до Општината доставува извештаи за реализацијата на претходно доделените средства, во рамки на средствата планирани во Програмата за спорт и Буџетот на Општината.

**4.2 Финансиски извештаи**
4.2.2.По однос на наодот на државниот ревизор за оваа точка напоменуваме дека во ревизорскиот извештај за 2012 година, изградбата на пешачки мост на река Вардар т.н.Мост око била предмет на ревизијата и државниот ревизор има дадено наод и препорака.
По дадената препорака во извештајот на државниот ревизор за 2012 година, Општината има постапено, и по истото нема настанато нови околности до овој момент.

**4.2.5** Наодот на ревизијата по оваа точка е неоснован и нереален земајќи го предвид фактот што во самиот наод е наведено дека постои Одлука од советот, како и тоа дека е постапено по неа. Во наодот и препораката од ревизијата е наведено дека треба да се земе предвид фактот дека согласно член 36 став 10 ( односно став 1 точка 10) од Законот за локалната самоуправа Советот одлучува за начинот за располагање со сопственоста на општината. Во конкретниот случај се работи за изградба на катна гаража со деловен простор за која како што е наведено и во ревизорскиот извештај е до фаза ископ на земја. Одделението за сметководство и плаќање постапило согласно законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и инвестицијата која до тој момент ја сочинувале проект за изградба и прва времена ситуација за ископ на земјиште соодветно ја евидентирала на сметката Материјални средства во подготовка-Инвестиции во тек- градежни објекти.

Советот на Општина Центар-Скопје врз основа **на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа донел Одлука** за запирање на изградбата на катна гаража со деловен простор бр.08-265/6 од 23.01.2015 година. Со одлуката се запира изградбата на катната гаража со деловен простор и се овластува Градоначалникот да пристапи кон раскинување на договорите за засновање право на долгогодишен закуп на градежно земјиште со закуподавецот Република Македонија- Министерство за транспорт и врски и Договорот за долгорочен девизен кредит. По донесувањето на одлуката, како и по конечноста на раскинувањето на сите договори за наведениот предмет, Одделението за сметководство уредно постапило по наведеното и ја има извадено од сметката Материјални средства во подготовка- Инвестиции во тек- градежни објекти.

Па според горенаведеното може да се констатира дека раскнижувањето од евиденција на инвестиции во тек не е неосновано туку е врз основа на Одлука од совет, која е донесена согласно член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа

Во врска со овој наод би сакале да истакнеме дека по искажувањето на забелешките од страна на ревизијата за овој наод, повеќе пати беше поставено прашањето за тоа каков дополнителен документ би требало да постои според нивните видувања, за што до сега немаме добиено одговор. Ова може да се констатира и по препораката која е дадена, каде што никаде не наведува како требало да се постапи, а се повикува на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа, иако Одлуката од советот е донесена согласно наведениот член од законот. Доколку наодот е основан, препораката би требало да содржи конкретки напатствија како треба да се постапи по наодот, а во овој случај препораката е паушална без конкретни препораки за постапување.

Предлагаме забелешката да се прифати од страна на Државниот завод за ревизија.

**Точка 4.2.7.** Во случај каде општината се јавува како инвеститор на изградба и реконструкција на објекти на градинки и училишта, на крајот на годината ги известува училштата и градинките за видот на инвестиционите зафати и нивната вредност, како би можеле да ги евидентираат истите во нивните деловни книги (зголемување на вредноста на објектот или набавка на опрема и слични). Во конкретниот случај се работи за набавката на опрема која е извршена од страна на општината (се работи за еднократна набавка), меѓутоа опремата е директно доставена до градинката, за што е потпишан и записник за примање на опрема од нивна страна. По доставувањето на опремата, општината има доставено допис до градинката, со кој ги известува за износот на набавката (со прилог копии од фактури), како би можеле опремата да ја евидентираат во нивните деловни книги. Дописот до градинката, како и записникот за прием на опремата потпишан од страна на претставникот на градинката беа доставени до ревизорите. Од ова произлегува дека наодот е неоснован и препораката неприменлива, од причина што

опремата е директно доставена до градинката и општината постапила соодветно, односно ја известила градинката за изност на набавката непосредно по добивањето на фактурите.

Предлагаме забелешката да се прифати од страна на Државниот завод за ревизија.

**Точка 4.2.8.** Согласно забелешката ве известуваме дека во 2017 година вложувањата во изградба и реконструкција на улици се евидентирани согласно испоставените документи-градежни ситуации, а не само за делот на платените.

По однос на забелешката за разграничување на горниот слој на улиците (асфалт и слично), односно утврдување на набавната вредност на истиот, на која вредност треба да се пресметува амортизација, би сакале да истакнеме дека до сега не сме имале забелешка од страна на ДЗР иако многупати претходно вршеле ревизија и ја разгледувале вонбилансната евиденција. Многу локални самоуправи не вршат разграничување на горниот слој на улиците и сметаме дека ова претставува системска слабост и воедно може да се предложи и измена на оваа законска одредба.

Во врска со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар, **сметка на основен буџет (630)** за 2016 година и наодите на Државниот завод за ревизија, ги даваме следните забелешки:

**Точка 4.2.4.** Во врска со наодот по оваа точка државниот ревизор нема дадено препорака, но сепак сакме да истакнеме дека Општината постапува согласно чл.20 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, односно доставувани се годишни извештаи за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти,за што во прилог Ви доставуваме извештаи за 2014 и 2015 година, додека за 2016 година беше даден на увид на самат ревизија.

**Точка 4.3.1.** Во наодот што се однесува на извршен отпис на побарувања од купувачи во земјата во вкупен износ од 1.378 илјади денари, направена е грешка и наместо сумата 1.378 илјади денари, треба да стои сума 855.577,00 денари.

Предлагаме Државниот завод за ревизија при изготвување на конечниот извештај да ги земе предвид овие забелешки по наодите на ревизијата.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**

Изготвил:
-М.Чановиќ Петровска
-Б.Филиповска
-М.Ралевска
-В.Куноска

ул. Михаил Цоков бб , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

за точка 4.1.3.



Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

Се објавува Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 61-та седница, одржана на 4.8.2016 година, на 29.8.2016 година и на 10.10.2016 година.

Бр. 09-3761/11
12.10.2016 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски, с.р

Врз основа на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2016 година на Општина Центар-Скопје, Советот на Општина Центар-Скопје на 61-та седница, одржана на 4.8.2016 година, на 29.8.2016 година и на 10.10.2016 година, ја донесе следнава

# **ОДЛУКА**
## **за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

### **Член 1**

Општина Центар-Скопје распиша Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година што беше објавен во дневниот весник „Дневник“ на 9.6.2016 година.

### **Член 2**

Во 2016 година ќе се финансираат следниве здруженија:

1. Здружение на слепи и лица со оштетен вид „Центар“, Скопје
   - 30.000 денари
2. Црвен крст на РМ, ОО Центар, Скопје
   - 40.000 денари
3. Здружение на граѓани „Трифор“, Скопје
   - 150.000 денари
4. Здружение на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија „Центар“, Скопје
   - 30.000 денари
5. Здружение на граѓани „Буден Театар“-Центар, Скопје
   - 30.000 денари
6. Здружение за унапредување на културата, спортот и образованието „СОЦИАЛ КИНЕЗИС“, Скопје
   - 45.000 денари
7. Сојуз на борците од народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните поддржувачи ОО Центар, Скопје
   - 60.000 денари

8. Здружение за развивање и дигитализација на образованието и културното наследство „ПРИЈАТЕЛИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО“, Скопје
   - 50.000 денари
9. Здружение на граѓани „Артопија“, Скопје
   - 65.000 денари

**Член 3**

Оваа Одлука да ја спроведе Секторот за јавни дејности.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3761/10
10.10.2016 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Мирослав Шиповиќ, с.р

ЗА ТОЧКА 4.1.3.



Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје /„Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15/, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

Се објавува Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56-та седница, одржана на 4.4.2016 година.

Бр.09-1820/5
5.4.2016 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски, с.р.

Врз основа на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2016 година на Општина Центар-Скопје, Советот на Општина Центар-Скопје на 56-та седница, одржана на 4.4.2016 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година за финансирање на здруженија и фондации**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје распиша Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2016 година што беше објавен во весникот „Утрински весник“ на 8.3.2016 година.

**Член 2**

Во 2016 година ќе се финансираат следниве здруженија:

1. Здружение на граѓани „Одбор за традиционална прослава на Бадник“ - 70.000 денари.
2. Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничка толеранција „Профицио“, Скопје - 30.000 денари.
3. Здружение на граѓани за младински активизам, екосвест, граѓанска еднаквост и европска иднина „Еквилибрио“, Скопје - 400.000 денари.
4. Здружение на граѓани за поддршка на лица со попреченост „Огледало“ - 800.000 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука да ја спроведе Секторот за јавни дејности.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Број 08-1820/4
4.4.2016 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Мирослав Шиповиќ, с.р.

ТОЧКА 4. 2. 4.


**ОПШТИНА ЦЕНТАР-Скопје**

*"Михаил Цоков"бб тел++ 389 02 3203 600 факс ++ 389 02 3203 682*


**До:**
**Министерство за транспорт и врски**

**ПРЕДМЕТ: Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.**

Почитувани,

Врз основа на член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/1, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/1, 217/15 и 31/16), Општина Центар - Скопје Ви го доставува годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година.

Прилог:

- Годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти од Општина Центар - Скопје.

**Бр. 19-** 4728/1
27.9. **2016 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**Сектор за финансиски прашања**

**Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година**

| **Приходи** | **Средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година** | **21.689.946,00 ден.** |
|---|---|---|
| 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 21.689.946,00 ден. |

| **Расходи** | **Расходи финансирани од средствата собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2015 година.** | **21.689.946,00 ден.** |
|---|---|---|
| | **Урбанистичко планирање** | **779.753,00 ден.** |
| | **Договорни услуги** | **779.753,00 ден.** |
| 1 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 779.753,00 ден. |
| | **Уредување на градежно земјиште** | **20.910.193,00 ден.** |
| | **Други градежни објекти** | **20.910.193,00 ден.** |
| 2 | Изградба на улици | 12.891.831,00 ден. |
| 3 | Реконструкција на улици | 8.018.362,00 ден. |

ТОЧКА 4.2.4.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-Скопје**

*"Михаил Цоков"бб тел++ 389 02 3203 600 факс ++ 389 02 3203 682*

**До:**
**Министерство за транспорт и врски**
**Улица "Црвена Скопска Општина" број 4**
**1000 Скопје,**
**Република Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.**

Почитувани,

Врз основа на член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/1, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/), Општина Центар - Скопје Ви го доставува годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2014 година.

Прилог:
- Годишниот извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти од Општина Центар - Скопје.

**Бр. 19-** 7209/1
**18.12.2015 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**Сектор за финансиски прашања**

**Годишен извештај за користење на средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2014 година**

| | | |
|---|---|---|
| **Приходи** | **Средства собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 2013 година** | **26.058.062,00 ден.** |
| 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 26.058.062,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| **Расходи** | **Расходи финансирани од средствата собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно** | **26.058.062,00 ден.** |
| | **Урбанистичко планирање** | **600.062,00 ден.** |
| | **Договорни услуги** | **600.062,00 ден.** |
| 1 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 600.062,00 ден. |
| | **Уредување на градежно земјиште** | **25.458.000,00 ден.** |
| | **Други градежни објекти** | **25.458.000,00 ден.** |
| 2 | Изградба на улици, патишта и автопати | 13.878.000,00 ден. |
| 3 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 11.580.000,00 ден. |

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 12.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Центар бр. 09-1095/3 од 07.03.2018 година, од одговорното лице Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-244/6 од 12.03.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.,** која се однесува на изготвувањето и доставувањето на Годишен извештај за 2016 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), **претставува известување** за преземените активности од страна на општината. Во текот на ревизијата надлежните од општината до Министерството за транспорт и врски имаат доставено извештај за 2016 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, кое е констатирано и во Нацрт извештајот, поради што ревизијата нема дадено препорака.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.,** која се однесува на извршениот отпис на побарувања од купувачите во вкупен износ од 1.378 илјади денари без да биде донесена Одлука од Советот на општината, **претставува известување** за направена техничка грешка при утврдување на износот на отпис на побарувањата евидентирани во базата со побарувањата по попис, со што утврдено е дека е извршен отпис на побарувања во износ од 856 илјади денари. Наведената состојба е корегирана во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Сметка на основен буџет (637)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.**, која се однесува на ангажирањето на лица како привремени вработувања, од кои некои континуирано во текот на повеќе години, **претставува известување** за причините поради кои не се пополнети работните места согласно актот за систематизација. Начинот на постапување е поради неможност од пополнување на систематизираните работни места со објавување на јавни огласи согласно Законот за административни службеници, од причина што предвремените парламентарни избори во текот на 2016 година во повеќе наврати биле одлагани, што не ја оспорува констатираната состојба дека не се испочитувани одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања. Општината известува дека во иднина ќе постапува согласно дадената препорака и вработувањата ќе ги врши преку објавување на јавни огласи согласно Законот за административни службеници.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3.**, која се однесува на финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, **не се прифаќа**, поради тоа што доставениот доказ ревизијата го имаше во предвид при утврдување на наведената состојба. Имено, во забелешката е наведено дека општината распределбата на средствата ја врши со Одлука донесена од страна на Советот по спроведена постапка и објавен јавен оглас, што не ја оспорува констатираната состојба дека не се испочитувани одредбите од член 49 од Закон за здруженија и фондации.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.5.**, која се однесува на финансирањето на КК “Работнички” АД Скопје, **не се прифаќа**, поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата. Имено, во забелешката е наведено дека финансирањето на овој клуб општината континуирано го врши почнувајќи од 2012 година па се до денес, како и дека пред секое доделување на средства клубот доставува извештаи за реализација на претходно доделените средства. Со забелешките не е доставен доказ ниту на ревизијата и беше презентиран за време на ревизијата дека е усвоен финансикиот извештај за работењето на кошаркарскиот клуб за 2016 година.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.**, која се однесува на тоа дека на сметката Аванси за капитални средства евидентирано е побарување во износ од 8.774 илјади денари кое потекнува од 2012 година и за кое е поднесена тужба од Општина Центар до Основен суд Скопје 2 Скопје од 29.07.2013 година и е донесена Пресуда од 23.03.2017 година на Основен суд

Скопје 2 Скопје со која тужбата е одбиена како неоснована, со право на поднесување жалба во рок од 8 дена преку овој суд до Апелациониот суд Скопје **не се прифаќа**, поради тоа што во 2017 година настанати се нови околности со донесувањето на пресудата и фактот дека по истата од страна на надлежните од општината понатаму не се преземени активности, односно не е поднесена жалба. Од страна на градоначалникот на Општина Центар донесена е Службена белешка од 02.05.2017 година, според која надлежните сметаат дека не постојат елементи со кои би се оспорила донесената пресуда. Истото е поради тоа што од страна на општината во периодот јануари 2013 година не е поднесена пријава за побарување до Спогодбениот совет на Р. Хрватска, бидејќи со Решение на истиот од 28.01.2013 година над тужениот правен субјект била отворена предстечајна постапка, која била во тек. Според членот 70 став 2 од Законот за финансиско работење и предстечајна спогодба на Р. Хрватска, било пропишано дека за време на траење на постапката на предстечајна спогодба не е дозволено покренување на парнични, општи и постапки на осигурување, заради подмирување или осигурување на побарувања кои настанале до отворањето на постапката за предстечајна спогодба. Надлежните од општината наведеното не го имале предвид поради што и не било пријавено ова побарување во постапката за предстечајна спогодба.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.5.,** која се однесува на извршениот отпис на вложувањата во материјални средства во подготовка во износ од 4.320 илјади денари како инвестиции во тек за Катна гаража на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бб, таканаречена Катна гаража "Нова Македонија", без одлука од Советот на општината, **не се прифаќа** поради тоа што согласно одредбите од членот 36 став 10 од Законот за локалната самоуправа, надлежност на Советот е да одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината. Советот на општината има донесено само Одлука за запирање на изградбата на катната гаража со деловен простор бр. 08-265/6 од 23.01.2015 година, но не и Одлука за бришење од евиденција на дотогаш извршените вложувања кои се состојат од вложувања во Идеен и Основен проект на износ од 2.209 илјади денари, 47 илјади денари за ревизија на Основниот проект и 2.064 за извршени градежни (земјени) работи.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.7.,** која се однесува дека во случаите каде општината се јавува како инвеститор на изградба или реконструкција на објекти на градинки, училишта и слично, не се врши евидентирање на вложувањата во опрема, туку само на градежните објекти, на сметката Материјални средства во подготовка, **претставува известување** за тоа на кој начин се врши комуникацијата, односно предавањето на опремата на субјектите за кои е извршена набавката, но не и за тоа дека истата претходно се

евидентира на сметката Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за содржината на одделните сметки од сметковниот план за буџетските корисници каде во членот 5 е наведено дека на сметката Материјални средства во подготовка, се евидентираат: инвестиции во тек – градежни објекти, други материјални средства, опрема и друго.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.8.**, која се однесува на тоа дека во вонбилансната евиденција се евидентира само делот на платените обврски кои произлегуваат од пооделни градежни ситуации и фактури, а не вкупната вредност содржана во истите и за тоа дека не е извршено разграниченување на горниот слој (асфалт и слично), односно не евидентирањето посебно на набавната вредност на истиот и не пресметувањето амортизација, **претставува известување** дека надлежните во Општина Центар во 2017 година ја евидентираат вкупната вредност содржана во пооделни градежни ситуации и фактури, а не само делот кој е платен. Во врска со разграниченување на горниот слој (асфалт и слично) на локалните улици и не пресметувањето на амортизација на истиот, надлежните од општината сметаат дека многу од општините не вршат разграничување на горниот слој на улиците и дека тоа претставува системска слабост.